Службен Весник на Република Македонија број 109 од 14-ти ноември 2005 година

# ЗАКОН
## за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи помеѓу ЈП Македонски Железници и Меѓународната банка за обнова и развој

### Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи помеѓу ЈП Македонски Железници и Меѓународната банка за обнова и развој, во износ од 15.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, само во случаите кога ЈП Македонски Железници нема да ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, ќе бидат утврдени со Договорот за заем помеѓу ЈП Македонски Железници и Меѓународната банка за обнова и развој.

### Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП Македонски Железници од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

### Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од 5 години и каматна стапка од ЛИБОР +0.75% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети почнувајќи од 15-ти април 2011 година до 15-ти октомври 2022 година во износ од 625.000 ЕВРА.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само каматата на заемот.

### Член 5

На или веднаш по датумот на влегување во сила на Договорот за заем од член 2 од овој закон, се плаќа еднократна провизија-трошок во износ од 1% од износот на заемот. Износот на еднократната провизија може да

биде и помала од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0,75% годишно пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Провизијата од став 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15-ти април и на 15-ти октомври секоја година.

**Член 6**

Доколку доспеаните обврски по основ на камата и главница, во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на ЈП Македонски Железници ги плати Република Македонија, ЈП Македонски Железници е должно во рок од 30 дена од денот на извршувањето на обврската, да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на ЈП Македонски Железници по основа на враќање на ДДВ со цел да се измират доспеаните обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

**Член 7**

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и ЈП Македонски железници ќе склучат посебен договор.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Comment [AA1]:** Доколку има мозност, треба да се наведе некаков начин на обезбедување за побарувањето.

**Deleted:** Министерството за финансии и Електростопанство на Македонија А.Д. ќе склучат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски по основ на издадената гаранција кон Европска инвестициона банка. I

**Formatted**